# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА



Анализа од мониторингот на програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и систематски прегледи на студенти и ученици за 2020 година и приказ на клучни промени во Програмата за мајки и деца за 2022 година

Здружение ЕСЕ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Овој документ е подготвен со кофинансирање од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ
и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

## I. **АНАЛИЗА ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА ВО 2020 ГОДИНА И ПРИКАЗ НА КЛУЧНИ ПРОМЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА МАЈКИ И ДЕЦА ЗА 2022 ГОДИНА**

Извршители на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2020 година се: Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, Универзитетска клиника за детски болести – Скопје, Ромски здравствени медијатори, Државен центар за репродуктивно здравје, Управа за електронско здравство, Клинички и Општи болници, Здравствени домови, Центар за семејна медицина, Специјална болница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза Скопје, како и граѓански здруженија.

### <u>ЗАКЛУЧОЦИ</u>

- Буџетот за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2020 година останува ист како и за 2019 година (17.000.000,00 денари) при што 10.000.000,00 денари се обезбедени од буџетот на РСМ додека пак останатите 7.000.000,00 денари се обезбедени од самофинансирачки активности на Министерството за здравство.
- Во Програмата за мајките и децата за 2020 година се отстрануваат сите активности кои се насочени кон здравствена едукација и информирање на населението за унапредување на мајките и децата, како и за едукација на здравствените работници а кои беа предвидени во 2019 година. При тоа отстранети се следните активности: „Кампања за препознавање и управување со ризици во бременоста кај бремени жени", „Изработка на прирачник за сензибилизација на здравствени работници за родово базирано насилство вклучително и за лица со попреченост", „Водич за родители за деца од 0 до 3 години", „Обука за здравствени работници за значење на имунизација и безбедност на вакцините", „Едукативни посети од патронажни сестри во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бременост и мајчинство, доење, со особен осврт на 11 општини каде што претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово", „Изработка на брошура за бесплатна антенатална заштита вклучително и за жените со попреченост", „Одржување на јавни дебати за здравствена промоција на принцип на еднакви можности", „Одржување на трибини за планирање на семејството во региони каде што живеат ранливи групи".
- Во Програмата за мајките и децата за 2020 година намалени се средства во износ од 1.080.000 денари [1] за активности наменети за здравствена едукација и промоција, како и за медицинска едукација на здравствениот кадар (табела бр. 1). Овие средства се пренаменети за останати активности.
- Во Програмата за мајките и децата за 2020 година зголемени се финансиските средства за следните активности: „Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени", „Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања", „Фолна киселина за секоја бремена жена" (табела бр. 1)

Во 2020 година за прв пат е воведена активноста Пилот скрининг на слух кај новороденчиња во Програмата за мајките и децата.

---

*[1] Споредбите за буџетските ставки и износи се направени во споредба со буџетот на Програмата за 2019 година*

- Во 2020 година во Програмата за мајките и децата за прв пат е усвоена буџетска ставка за набавка на препарати за Медикаментозен абортус од страна на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во износ од 1 500 000 денари. Министерството за здравство согласно препораките и стандардите на Светската здравствена организација на 30.12.2020 година го одобри Клиничкото упатство за безбеден абортус.
- Во 2020 година во Програмата за за мајките и децата се бележи намалување на 1.900.000 денари од финансиските средства наменети за бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација.
- Во Програмата за мајките и децата за 2022 година не е предвидена ниту една активност за здравствена едукација на населението за здравјето на мајките и децата, ниту пак за медицинска едукација на здравствениот кадар.
- Во Програмата за мајките и децата за 2022 година отстранета е буџетската ставка за „Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување". Жените кои не се здравствено осигурени мораат приватно да ги плаќаат прегледите за време на бременоста, како и здравствени услуги за породување.
- Се бележи соодветен опфат на учениците и студентите со систематски прегледи во периодот од 2018 до 2020 година.

**ПРЕПОРАКИ**

- Министерството за здравство да усвои активности за здравствена едукација на населението за унапредување на здравјето на мајките и децата, како и активности за континуирана медицинска едукација на здравствениот кадар по однос на теми поврзани со здравјето на мајките и децата.
- Министерството за здравство да одвои минимум 1.000.000 денари за активности за здравствена едукација на населението и континуирана медицинска едукација на здравствените работници, колку што средства беа одвоени во Програмата за 2019 година.
- Министерството за здравство веднаш да усвои буџетска ставка за „Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување".
- Министерството за здравство да подготви законски измени на Законот за здравствено осигурување со кое ќе се гарантира континуирано здравствено осигурување на сите деца, без разлика на статусот на здравствено осигурување на нивните родители и старатели.
- Министерството за здравство да предвиди буџет за покривање на трошоците на децата кои не се здравствено осигурени во соодветна Програма

## 1. ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИТЕ ИЗМЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА 2020 ГОДИНА

Загрижува податокот дека Министерството за здравство ги елиминира од Програмата сите активности кои се насочени кон здравствена едукација на населението за унапредување на здравјето на мајките и децата. Особено што дел од овие активности беа наменети за мајките и децата од ранливите групи. Здравствената едукација е од клучно значење за унапредување на здравјето, преку водење на здрава бременост и соодветна здравствена грижа на доенчињата и малите деца. Здравата бременост и здравото детство, претставуваат клучен чинител во раниот детски развој кој што овозможува развој на детето во здрав поединец. Исто така загрижува и податокот дека Министерството ги елиминира активностите за континуирана здравствена едукација на здравствените работници по однос на здравјето на мајките и децата. Министерството е должно на здравствените работници кои се вклучени во здравствената заштита и нега на мајките и децата да им овозможи континуирана едукација за медицинските теми од оваа област.

Во 2020 година зголемени се финансиските средства кај активностите за неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени, Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања, додека пак кај неонатален скрининг за цистична фиброза се намалени за 268.000,00 денари во однос на 2019 година. Позитивна промена е детектирана во активноста – фолна киселина, во финансискиот дел, која е од суштинска важност за бремената жена бидејќи помага во формирањето на невралната туба. Намалување на финансиските средства се детектирани кај активностите бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција и набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси. Министерството за здравство согласно препораките и стандардите на Светската здравствена организација на 30.12.2020 година го одобри Клиничкото упатство за безбеден абортус и обезбеди средства од 1.500.000,00 денари за набавка на лековите за медикаментозен абортус на Клиниката за гинекологија и акушерство.

| АКТИВНОСТ | 2019 година | 2020 година |
|---|---|---|
| Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени | 3.750.000,00 | 4.004.000,00 |
| Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања | 2.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| Неонатален скрининг за цистична фиброза | 4.250.000,00 | 3.982.000,00 |
| Кампања за препознавање и управување со ризици во бременост кај бремени жени | 100.000,00 | / |
| Подготовка на извештај | 300.000,00 | / |
| Фолна киселина за секоја бремена жена | 150.000,00 | 352.000,00 |
| Изработка на прирачник за сензибилизација на здравствени работници за родово базирано насилство вклучително и за лицата со попреченост | 60.000,00 | / |
| Обука на здравствени работници за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Промоција на Светската недела на доењето | 60.000,00 | 100.000,00 |
| Едукативни работилници за патронажни сестри и превентивни тимови за значењето на доењето за раниот детски развој | 100.000,00 | 100.000,00 |

| АКТИВНОСТ | 2019 година | 2020 година |
| --- | --- | --- |
| Водич за родители за деца од 0 до 3 години | 750.000,00 | / |
| Изготвување на информација | 25.000,00 | 37.000,00 |
| Стручно-методолошки надзор теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентна патронажна служба | 25.000,00 | 25.000,00 |
| Промоција на Европската недела на имунизација | 50.000,00 | 100.000,00 |
| Обука за здравствените работници за значење на имунизација и безбедност на вакцините | 100.000,00 | / |
| Едукативни посети од патронажните сестри во ромски и рурални средини за детското здравје, важност за имунизацијата , здрава бременост и мајчинство, доење , со особен осврт на 11 општини каде што претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево , Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово | 50.000,00 | / |
| Обуки на здравствени работници за превенција и менаџмент на родово базирано насилство | 150.000,00 | 200.000,00 |
| Менаџирање на Центрите за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба од страна на координатори за менаџирање на центарот | 300.000,00 | |
| Бесплатни прегледи за жени  кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување кои претрпеле сексуално насилство | 300.000,00 | 300.000,00 |

| АКТИВНОСТ | 2019 година | 2020 година |
|---|---|---|
| Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација | 2.900.000,00 | 1.000.000,00 |
| Изработка на брошура за бесплатна антенатална заштита вклучително и за жените со попреченост | 20.000,00 | / |
| Набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси | 300.000,00 | 200.000,00 |
| Одржување на јавни дебати за здравствена промоција на принцип на еднакви можности | 20.000,00 | / |
| Одржување на трибини за планирање на семејство во региони каде што живеат ранливи групи | 40.000,00 | / |
| Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16) | 1.100.000,00 | 500.000,00 |
| Пилот скрининг на слух кај новороденчиња | / | 500.000,00 |
| Медикаментозен абортус | / | 1.500.000,00 |
| **ВКУПНО** | **17.000.000,00** | **17.000.000,00** |

Табела 1. Распределба на средствата по активности за 2019 и 2020 година

## 2. ПРИКАЗ НА КЛУЧНИТЕ ИЗМЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО 2022 ГОДИНА КОИ ГИ ПОВРЕДУВААТ ПРАВАТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА

**Министерството за здравство го отстрани буџетот за „Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување“**

Здружение ЕСЕ по електронска комуникација се обрати до Министерството за здравство со барање активноста и буџетот повторно да се усвои во Програмата. Претставничката на Министерството за здравство одговори дека оваа ставка од буџетот се отстранува бидејќи согласно Законот за здравствено осигурување сите граѓани во Северна Македонија имаат право на здравствено осигурување.

Сепак, реално не сите граѓани се покриени со здравствено осигурување. Според Годишниот извештај за 2020 година на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија [2] во 2020 година, 90% од населението во Северна Македонија било покриено со здравствено осигурување.

Со цел да ја утврдиме реалната состојба на терен во месец април 2022 година ЕСЕ во соработка со НВО КХАМ идентификуваше три жени во репродуктивен период кои во одреден временски период биле без здравствено осигурување. Жените пополнија краток анкетен прашалник со цел да се утврдат состојбите и причините за немањето на здравствено осигурување. Наодите се сумирани во следните три студии на случај:

*„Ромката С.С. 22-годишна од Делчево, не била покриена со здравствено осигурување во период од четири месеци. Во тој период била вработена, но немала здравствено осигурување бидејќи сопственикот на фирмата во која работела не ги платил придонесите за нејзиното здравствено осигурување во Фондот за здравствено осигурување, а по краток период компанијата отишла во стечај. Откако компанијата отиде во стечај, жената мораше да помине низ административна постапка за да добие право на здравствено осигурување како невработено лице. Административната постапка траеше речиси еден месец и во овој период таа не беше покриена со здравствено осигурување. Во моментот на интервјуто жената веќе имаше стекнато право на здравствено осигурување како невработено лице“.*

*„Ромката Ф.А. 40-годишна од Делчево, не била покриена со здравствено осигурување во период од шест месеци. Била вработена, но во еден момент и таа и нејзиниот сопруг останале без работа. Бидејќи нејзиниот годишен приход во претходната календарска година бил над 254.000 денари[3], во моментот кога останала невработена за да добие право на здравствено осигурување морала да плаќа месечен износ од 1.500 денари на Фондот за здравствено осигурување. Бидејќи во тој период и двајцата сопружници немале работа, оваа сума била многу висока за нив да можат да ја плаќаат секој месец.*

---

*[2] https://fzo.org.mk/WBStorage/Files/Godisen%20izvestaj%202020.pdf (страница 1, пристапено на 10 август2022 година)*
*[3] Согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување (Службен Весник бр. 142/2008) за невработено лице да има право на бесплатно здравствено осигурување неговиот годишен приход во претходната календарска година мора да биде под годишниот приход од минималната плата која е загарантирана со закон. Исклучок е ако лицето во последните два месеци имало месечни примања кои се пониски од минималната плата.*

*Поради тоа чекала да најде друга работа, а после шест месеци невработеност најде нова работа и потоа како вработена беше покриена со здравствено осигурување“.*

*„Ромката А.А. 37 години,осум месеци не е покриена со здравствено осигурување. Причините се исти како и за жената Ф.А. претходно опишана. Жената А.А. по осум месеци не може да најде работа и во моментот на интервјуто не е здравствено осигурена. Таа изјави: „Кој ќе ме вработи сега,кога сум вака болна (забелешка: жената има хронична здравствена состојба)“. Таа изјави дека мора да почека до март 2023 година за да добие право на бесплатно здравствено осигурување како невработено лице“.*

Во соработка со ромската граѓанска организација Романо Чачипе од Шуто Оризари, Скопје) идентификувавме жена, трудница, нивен клиент[4] која не е покриена со здравствено осигурување. Нејзиниот термин за породување се приближувал и кога отишла на прием во болница, управата на болницата побарала од неа да плати 100 евра однапред за да биде примена во болница за породување.

Овие податоци јасно говорат дека без разлика на законските прописи, не сите луѓе во секое време се покриени со здравствено осигурување. Здравствената заштита за време на бременоста мора да се води според строгите протоколи и да се прават прегледи во точен временски период од бременоста. Да се биде без здравствено осигурување четири, шест или осум месеци е предолго за трудница. Породувањето бара соодветна квалитетна здравствена заштита без никакво одлагање.

Отстранувањето на средствата за покривање на здравствените услуги за трудниците претставува голем ризик за здравјето на жените и децата, како и за правилен развој на детето. Посебно имајќи ги предвид оние жени кои не се покриени со здравствено осигурување, а доаѓаат од обесправени и маргинализирани заедници.

Дополнително на тоа во случај, како што е опишан под студијата на случај на Ф.А., доколку двајцата родители не се здравствено осигурени и нивните малолетни деца остануваат без здравствено осигурување. Бидејќи согласно на Законот за здравствено осигурување, децата го стекнуваат правото на здравствено осигурување како членови на семејство, односно преку нивните родители/старатели. Немањето на здравствено осигурување на двајцата родители, претставува сериозна бариера во пристапот за децата до здравствено осигурување. Особено земајќи во предвид дека ваквите случаи се чести помеѓу сиромашните и маргинализирани заедници.

---

*[4] Жената клиентка беше идентификувана преку параправната работа на ромската невладина организација Романо Чачипе.*

## II. АНАЛИЗА ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО 2020 ГОДИНА

Во овој дел од анализата се прикажува споредбено состојбата со опфатот на учениците и студентите со систематски прегледи во периодот од 2018 до 2020 година.
Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во РС Македонија се состои од неколку делови

- Општ лекарски преглед
- Лабораториски преглед
- Стоматолошки преглед
- Превентивна стоматолошка заштита
- Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас

Министерството за образование и наука врши проценка на бројот на ученици и студенти за тековната година кои требаа да бидат опфатени со програмата. Извршители на програмата се Институтот за јавно здравје, Здравствените домови, Здравствен дом „Панче Караѓозов" - Штип, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас Скопје и ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола.

- Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 97.5%. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 94%, а кај студентите е 100%. (2018)
- Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 96.3%. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 96.4%, а кај студентите е 100%. (2019)
- Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 96.3%. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 96.4%, а кај студентите е 100%. (2019/2020)

| АКТИВНОСТИ | 2018 година | 2019 година | 2020 година |
| --- | --- | --- | --- |
| Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7 -18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ | 5.070.000,00 | 5.070.000,00 | 5.070.000,00 |
| Општ систематски преглед ,систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7 - 18 години неопфатени во образовниот систем 1000 прегледи х 400 денари | 400.000,00 | 400.000,00 | 400.000,00 |
| Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух,говор и глас кај деца 3500 прегледи х 500 денари | 1.750.000,00 | 1.750.000,00 | 1.750.000,00 |
| Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот). | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| Доставување на извештај со анализа и коментар за систематски прегледи (ИЈЗ) | 50.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| Од основен буџет на РСМ | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| Од самофинансирачки средства на Министерството за здравство | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| Од донации | 770.000,00 | 770.000,00 | 770.000,00 |
| **ВКУПНО** | **10.770.000,00** | **10.770.000,00** | **10.770.000,00** |




Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост на жените

ул. Максим Горки 20/1-4, Скопје
esem@esem.org.mk


FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА


Овој документ е подготвен со кофинансирање од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ
и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.